**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4592 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Вториот десетдневен период, од 12 до 21 септември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 18 минути и 5 секунди. Од кои, 4 часа 15 минути и 59 секунди се претежно информативни жанрови, а 2 минути и 6 секунди се осврти и коментари.

*Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Телма | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:18:53 | 7,38 % |
| Без субјекти | 00:28:09 | 11,00 % |
| Други субјекти | 00:32:23 | 12,65 % |
| Експерти/аналитичари | 00:29:52 | 11,67 % |
| Јавно обвинителство | 00:05:05 | 1,99 % |
| Судство | 00:08:20 | 3,26 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:59 | 0,38 % |
| Демократски сојуз | 00:01:41 | 0,66 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:28 | 0,18 % |
| Левица | 00:00:53 | 0,35 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:28 | 0,18 % |
| Граѓански сектор | 00:10:19 | 4,03 % |
| СДСМ | 00:16:15 | 6,35 % |
| Локална самоуправа | 00:07:44 | 3,02 % |
| Влада на РМ | 00:27:55 | 10,91 % |
| Привремена комисија | 00:04:37 | 1,80 % |
| Беса | 00:00:51 | 0,33 % |
| ДПА-ДР | 00:00:51 | 0,33 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:51 | 0,33 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:23 | 0,15 % |
| Собрание на РМ | 00:08:20 | 3,26 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:46 | 1,86 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:36 | 0,63 % |
| Специјално обвинителство | 00:11:29 | 4,49 % |
| ДИК и други органи | 00:01:25 | 0,55 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:50 | 5,40 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:49 | 0,71 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:23 | 0,93 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:01:19 | 0,51 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:13 | 1,65 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:48 | 0,31 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:01:09 | 0,45 % |
| Претседател на РМ | 00:04:08 | 1,61 % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:47 | 0,70 % |
| | **Вкупно: 04:15:59** | 100 % |

Статистички најголем дел од субјектите кои во извештајниот период се појавија во Дневникот во 18 часот и 30 минути, методолошки се кодирани во категоријата *„други субјекти"* (ИЗИИС, професори, МРТВ, сеизмолошката опсерваторија, адвокати, Обединета македонска дијаспора, превозници, ректорот на УКИМ и

ректорот на Гоце Делчев, АААВМУ, Фондацијата „Трајче Мукаетов", фестивалот на филмската камера Браќа Манаки, НБРМ, ЗАМП и др.). Оваа категорија е застапена со 32 минути и 23 секунди.

Значајно време (29 минути и 52 секунди) е одвоено и за категоријата „експерти/аналитичари", кои се вклучени во поголем дел од прилозите, особено во оние посветени на предлог буџетот за 2017 година, земјотресите, лустрацијата, 25 години независност, извештајот на Специјалното јавно обвинителство.

Во методолошката категорија „без субјекти" (28 минути и 9 секунди) се кодирани прилозите базирани на изјави на граѓани (ученици, студенти, работници, должници, затвореници, жители погодени од земјотресот и од поплавите, бегалци и др.).

Следна по застапеност е Владата на Република Македонија (27 минути и 55 секунди), која е присутна како субјект во теми поврзани со буџетот за 2017 година, санирање на штетите во поплавените подрачја, одбележувањето на 25 годишнината од независноста на РМ.

Две теми го одбележаа извештајниот период на овој медиум. Првата беше предлог буџетот за 2017 година, која беше темелно обработена преку информации од Министерството за финансии, со изјави од министерот Кирил Миноски и од дополнителниот заменски министер Кире Наумов, како и со видувања и ставови од професори и аналитичари. Втората тема беше објавувањето на вториот полугодишен извештај на СЈО, како и двете обвиненија поврзани со уништувањето на документи, во управата за безбедност и контраразузнавање, и обвинението за насилството и демолирањето во Општина Центар. Прилозите беа проследени со реакции и соопштенија од владејачката ВМРО ДПМНЕ, а на темата свои мислења изразија и аналитичари и експерти. Низата од прилози поврзани со СЈО се затвора со соопштение од Основен суд Скопје 1.

Присутни се информации за 16 политички партии, при што простор, иако во мал обем, е отстапен и за неколку вонпарламентарни партии. Медиумот главно известува за двете најголеми партии од македонскиот блок, СДСМ и ВМРО ДПМНЕ.

Телевизијата се држи до принципите на професионално новинарско известување. Во прилозите се консултираат повеќе различни гледишта. Темите се поставуваат проблемски, ставот е неутрален, а пристапот критички. Кога има спротиставени мислења за темата, често користат два и повеќе извори. Телевизијата води сметка во ист прилог да бидат претставени експерти кои држат различни мислења и ставови.

Во овој период е емитуван еден осврт како аналитички жанр на 19 септември 2016 година, кој тематски го разработува процесот на запирање на преземањето на Макпетрол од страна на Комисијата за хартии од вредност.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:04 | 5,41 | % |
| Други субјекти | 00:09:56 | 13,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:03 | 20,01 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:44 | 0,97 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:05 | 0,11 | % |
| Левица | 00:00:34 | 0,75 | % |
| СДСМ | 00:06:53 | 9,15 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:06 | 1,46 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:57 | 1,26 | % |
| Привремена комисија | 00:02:43 | 3,61 | % |
| Беса | 00:00:34 | 0,75 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:21 | 0,47 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:23 | 0,51 | % |
| Влада на РМ | 00:05:49 | 7,73 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:03 | 0,07 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:38 | 0,84 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:26 | 0,58 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:08:03 | 10,70 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:53 | 3,83 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:48 | 6,38 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:36 | 0,80 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:54 | 1,20 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:43 | 3,61 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:05 | 0,11 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:14 | 0,31 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:08 | 1,51 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:19 | 0,42 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:40 | 2,22 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:25 | 0,55 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:31 | 0,69 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:35 | 0,78 | % |
| | **Вкупно: 01:15:13** | **100** | % |

Временски најмногу директни обраќања им се дадени на субјектите кодирани како „*експерти/аналитичари*“ и „*други субјекти*“.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

Во извештајниот период се емитувани две репризни изданија на емисијата „КОД – Клуч на вистината“ со Снежана Лупевска.

Првата се емитуваше на 13 септември 2016 година, со почеток во 14 часот и 34 минути, која беше реприза од месец април. Во неа се анализираа следниве теми: Случајот кој под име „Тврдина“ го отвори СЈО, а се однесува на работата на УБК; зошто МВР дозволило системите, што се докази во Пуч и во уште една судска постапка, да завршат на отпад?; Кој е потполковникот Горан Грујевски – поранешниот прв човек на Петтата управа?; МВР го смени министерот, но зошто опозицијата не ја искористи можноста да открие дали има злоупотреби во работата на тајната полиција?; Поранешниот антикорупционер Горан Миленков не го сокри златото на рацете ама сакаше да сокрие сè што знае за имотот на Груевски; Миленков има неколку стана, чамец, 2 автомобили ама и трактор.

Втората емисија, емитувана на 19 септември 2016 година, со почеток во 44 минути по полноќ, од циклусот „КОД – Клуч на вистината“ е реприза на постара емисија, премиерно емитувана во месец октомври минатата година. Во неа се истражува за отуѓувањето на културното наследство на Република Македонија и за тоа кој и зошто ги украде артефактите од музејот, зошто до денеска полицијата не трагаше по културното наследство.

*Дебатни емисии*

Во претходниот период дебатната емисија на ТВ Телма „ТОП ТЕМА“ поради летната програмска шема беше во мирување, новата сезона стартуваше од 19 септември 2016 година. Беа најавени нови содржини и доекипирање на составот на „ТОП ТЕМА“ со новинарката Оливера Трајковска. Премиерното издание започна во 19 часот и 20 минути, со водителот Александар Чомовски. Гости во емисијата беа Сузана Јошевска, адвокат и советник на СЈО и професорите Беса Арифи и Ненад Марковиќ. Теми беа: Една година од СЈО, Јанева храбро во лов на криминалци или вештерки; зошто Груевски бега од судските постапки; дали Заев ќе победи само ако има апсење на најблиските на лидерот на ВМРО ДПМНЕ; што ќе се случи доколку Уставниот суд се одважи да решава за уставноста на СЈО; голготата на скопската обиколница во време на поплавите кои го зафатија скопскиот регион. На преодот помеѓу 19 и 20 септември 2016 година, емитувано е репризното издание на емисијата.

На 20 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 17 минути, бележиме ново издание на „ТОП ТЕМА“. Овојпат водител беше новинарот Боби Христов. Теми беа: Владата го донесе буџетот за 2017 година, многу бројки со историски предзнак и според приходите и според расходите и според капиталните инвестиции, но што ќе се случи во реалноста?; Колку проектираното е и реално остварливо?; Зошто се брзаше со кроењето на државната каса во предизборие и од техничка влада. Гости во студиото беа професорите Марјан Петрески, Ванчо Узунов и Бранимир Јовановиќ. Во текот на дебатата се емитуваа изјави од пратениците Маријанчо Николов, СДСМ и Ристо Мукоски, ВМРО ДПМНЕ. На крајот од емисијата беше реализирано интервју со универзитетскиот професор Абдулменаф Беџети, на истава тема. На преодот помеѓу 20 и 21 септември 2016 година, емитувано е репризното издание на емисијата.

На 21 септември 2016 година, со почеток во 19 часот и 13 минути, емитувано е ново премиерно издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА“ со водителот Александар Чомовски. Гости беа: Климе Бабунски, комуниколог, Ана Глигорова, ТВ реализатор и член на „Левица“, Драган Антоновски, новинар и член на Советот за етика на медиумите, Горан Трпеновски, новинар и член на Ад хок телото. Теми на кои се дебатираше беа: ТВ настапот на обвинителката Катица Јанева, медиумски шок и партиски игри, дали е ова вовед во валкана политичка борба со неелоквентната специјална тужителка или страв од нејзините обвиненија, кој и како го осмисли лошиот јавен настап на Катица Јанева, дали критиките се медиумски оркестрирани од владејачката партија, зошто Јанева ја потцени зрелоста на македонската јавност, ќе успее ли да се справи со пратеничките провокации во парламентарната дебата. Репризното издание на емисијата е во истиот ден со почеток во 23 часот и 50 минути.

***Други програми***

На 14 септември, со почеток во 8 часот и 38 минути, во рамките на информативно-забавната утринска програма на Телма по повод одбележувањето на 100-годишнината на Општина Ѓорче Петров, се емитуваше интервју со градоначалникот на општината, Сокол Митровски. Темата беше - 100 настани за 100 години. Во опфатениот мониториран период интервјуто е репризирано двапати (16 и 19 септември 2016 година).

***Сектор за програмски работи***